ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637-12)

01 2024 03 02/2

Скопје, септември 2024 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за култура на Република Северна Македонија на сметката на основниот буџет (637-12) за 2023 година.

Со извршената ревизија за 2023 година изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Министерството за култура за 2019 година, за кој е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2019 година презентирано како прилог кон овој Извештај, при што утврдивме дека од дадените дванаесет препораки: две се спроведени, осум се делумно спроведени, и две препораки не се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2023 година, ги констатиравме следниве состојби:

- состојбата со книжниот фонд проценет на износ од 408.123 илјади денари за кој МК се соочува со проблем за чување во соодветни услови кои се сместени на повеќе локации во неколку НУ и институции;
- слабости во начинот на вршење на попис на средствата, обврските и побарувањата. Не е извршен попис на инвестициите во тек и вонбилнсната евиденција за искажаната состојба на објекти во чија изградба МК се јавува како инвеститор и чија изградба е завршена во минати години;
- не е извршено евидентирање на спорните побарувања и обврски по основ на судските постапки за кои сеуште не е донесена судска пресуда;
- не е донесена нова Национална стратегија, последно донесена е за 2018-2022 година. МК нема донесено годишен план за 2023 година и за претходните години, што има влијание на долгорочното планирање на дејностите од областа на културата;
- слабости во начинот на избор, финансирање и реализација на проекти во културата со Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес по одделни дејности во културата за 2023 година;
- со Законот за култура или со интерно донесен акт не се предвидени критериуми и мерила врз чија основа ќе се врши оцена на проектите, истите се предвидени со објавените годишни конкурси, што овозможува

субјективност при бодување на проектите;
- одобрени и финансирани се проекти во интердисциплинарна дејност, која дејност не е пропишана со Законот за култура и Националната стратегија;
- исплатени се средства за проекти од меѓународната дејност за кои не постоеле објективни причини за недоставување на апликација по редовен пат;
- исплатени се средства на ЕЛС без побарана поткрепувачка документација;
- слабости во спроведувањето на постапките за јавни набавки;

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ја истакнуваме состојбата поврзана со обврските од минати години кои на 31.12.2023 година изнесуваат 18.139 илјади денари и за кои треба да се одделуваат финансиски средства од Буџетот на МК во идниот период како и судските постапки кои ги води МК и чија наплата и обврски се неизвесни.
Од страна на раководното лице на Министерството за култура и туризам, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и истите не се прифатени од причина што не се доставени дополнителни докази кои би имале влијание на утврдените состојби, една забелешка која се однесува на Образложенијата кон финансиските извештаи е прифатена.

## СОДРЖИНА


| | Опис | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи | 5 |
| 4. | Нагласување на прашања | 20 |
| 5. | Останати прашања | 21 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временски период | 21 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 22 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 22 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 23 |
| Финансиски извештаи за 2023 | | |
| | Биланс на приходи и расходи | 24 |
| | Биланс на состојба | 25 |
| | Преглед на промени на извори на капиталните средства | 26 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| | Вовед | 27 |
| | Сметководствени политики | 28 |
| | Образложенија кон финансиските извештаи | 30 |

ПРИЛОЗИ:

Прилог број 1 - Известување за проверка на спроведување на препораките

Прилог број 2 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог број 3 – Одговор на забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

## Список на кратенки

| | |
|---|---|
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ЕСЈН | Електронски систем за јавни набавки |
| ЕЛС | Единица за локална самоуправа |
| ЕО | Економски оператор |
| Собрание | Собрание на Република Северна Македонија |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| МК | Министерство за култура |
| МФ | Министерство за финансии |
| НУ | Национална установа |

Број: 23-141/16
Дата: 27. 09. 2024

## 1. Вовед

Министерството за култура е орган на државната управа чие основање, организација, надлежност и работа е уредено со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Во одредбите од Законот за културата уреден е начинот на финансирање на националниот интерес во културата.

Средствата за оваа намена утврдени се во Буџетот на државата – раздел Финансирање на дејности од областа на културата при што дел од утврдените средства се наменети за финансирање на Националните установи, додека дел се наменети за финансирање на проекти од други корисници, физички и правни лица директно од Министерството за култура. Средствата предвидени за финансирање на проекти за други корисници се реализираат преку сметката на основен буџет (637-12).
За Националните установи буџетираните средства се пренесуваат со финансиски планови кои се реализираат преку нивните сметки како единки корисници во Буџетот.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи од страна 25 до 27 на Министерство за култура на Република Северна Македонија, на сметката на основен буџет (637-12), за 2023 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи и
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за култура на Република Северна Македонија, на сметката на основен буџет (637-12), за 2023 година, со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за култура на Република Северна Македонија на ден 31 декември 2023 година на сметката на основен буџет (637-12) како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за култура на Република Северна Македонија, за 2023 година, на сметката на основен буџет (637-12), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Позицијата Други материјални средства со состојба на 31.12.2023 година е процената во износ од 408.123 илјади денари и се состои од евидентиран книжен фонд, отпечатен во претходниот период, како дел од 17 капитални проекти на МК за печатење на книги од разни области, реализирани во периодот од 2009 година до 2019 година. Врз основа на евиденцијата која беше доставена на увид утврдивме дека се работи за книги од 686.318 примероци. Со оглед на количината и бројот на отпечатени и недистрибуирани книги, МК се соочува со проблем за нивно сместување во соодветни услови поради што истите се сместени на повеќе локации во неколку НУ и институции. Од страна на МК на 31.12.2023 година не е извршен попис на книжниот фонд во овие НУ и институции што не е во согласност со член 21 од Законот и член 29 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, согласно кои Буџетите и буџетските корисници на крајот на годината ја усогласуваат состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот. Поради не извршениот попис постои ризик од нецелосност на книжниот фонд кои се доделени на НУ како и неизвесност во поглед на просторот и условите во кои се чуваат книгите со цел да не дојде до нивно оштетување и нивна трајна неупотребливост.

Во насока на решавање на овој проблем Владата во повеќе наврати има донесено Одлуки за трајно отстапување на дел од овие количини кај повеќе институции, (библиотеки и образовни институции) и во изминатиот период веќе им била извршена дистрибуција на дел од отпечатените книги, не постои интерес ниту простор за прием на дополнителни количества. Иако овие проекти се завршени во 2019 година и нови примероци не се печатат, до датумот на ревизија, МК нема изработено план за дистрибуција на веќе отпечатените и недистрибуирани примероци, односно за нивна достапност до јавноста. Горенаведеното укажува дека со реализација на капиталните проекти за печатење на книги, постапено е спротивно на буџетските начела на економично и наменско користење на средствата од причина што книгите сеуште се наоѓаат во магацини на НУ и истите не се дистрибуирани до крајните корисници или до пошироката јавност за да ја постигнат целта за која се печатени.

Оваа состојба беше констатирана и со Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија за 2019 година но состојбите не се променети.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности:

- во соработка со Националните установи и институциите каде се чуваат книгите да се изврши попис на книгите со обезбеден податок за проект, наслов, количина и локација на чување на истата;
- да се обезбеди соодветен простор за чување на книгите со цел да се заштитат од евентуални оштетувања и

- Министерството за култура во соработка со Владата да ја преиспита состојбата со книжниот фонд во министерството и останатите институции и да изготви план за распределба на книгите до крајните корисници и пошироката јавност со насоки за соодветна евиденција и начин на користење.

3.1.2. Извршивме увид во начинот на вршење на попис на средствата, обврските и побарувањата при што слабостите искажани во врска со начинот на вршење на пописот истакнати во извештајот за сметката на основен буџет (637-10) во точка 3.1.1. се однесуваат и на сметката (637-12).

За оваа сметка ги утврдивме и следните состојби:

- не е извршен попис на обврските кон другите корисници[1] во износ од 140.188 илјади денари, односно во Извештајот од извршениот попис наведена е само состојбата која е преземена од сметководствената евиденција на МК при што кон пописниот елаборат не се приложени пописни листи кои содржат информации и анализи за старосната структура на обврските и нивниот правен основ, што не е во согласност со член 31–в од Правилникот;
- не е извршен попис на инвестициите во тек и на вонбилансната евиденција за искажана состојба на објекти во чија изградба МК се јавува како инвеститор што не е во согласност со член 29 став 2 од Правилникот. Имено во финансиската евиденција на МК на позицијата Инвестиции во тек евидентирани се објекти во вкупна вредност од 182.550 илјади денари и во вонбилансната евиденција дополнителни 385.121 илјади денари. Утврдивме дека изградбата за дел од објектите е завршена и истите се пуштени во употреба. Одговорните лица во МК, немаа информација за причините поради кои овие објекти сеуште се евидентирани во деловните книги на МК и состојбите не се пренесени во евиденцијата на институциите кои стопанисуваат со овие објекти. Оваа состојба не е констатирана од страна на пописната комисија.

Горенаведените состојби влијаат на реалното и објективно прикажување на позициите во Билансот на состојбата.

Препораките во врска со начинот на вршење на пописот на средствата, обврските и побарувањата се дадени во извештајот на сметката на основен буџет (637-10).

3.1.3. МК не врши евидентирање на спорните побарувања и обврски по основ на судските постапки за кои сеуште не е донесена судска пресуда се до добивање на правосилна судска пресуда со која се усвојува тужбеното барање а кои во МК претставуваат значајна ставка (точка 4.1.1. ).

---

[1] Физички лица и правни лица (установи од областа на културата локални или приватни), единици на локалната самоуправа, здруженија, сојузи, асоцијации, трговски друштва, трговци поединци и други правни лица регистрирани во Република Северна Македонија)

Наведеното не е во согласност со член 2, член 4 и член 22 став 5 од Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници и не е во функција основните финансиски извештаи да дадат точен, вистинит и целосен преглед на состојбата на средствата и обврските и влијае на реалноста и објективноста на податоците во Билансот на состојба на ден 31.12.2023 година.

**Препорака**

Одговорните лица во МК да преземат мерки и активности за ажурно и навремено евидентирање на судските и извршните постапки кои сеуште не се завршени.

**3.2. Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи**

3.2.1. Одредбите од член 9 од Законот за култура, предвидуваат за остварување на националниот интерес во културата, Собранието на Република Северна Македонија да донесе петгодишна Национална стратегија за развој на културата со која се определуваат среднорочните цели и приоритети за развој на културата и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Утврдивме дека последно усвоена стратегија од страна на Собранието е Националната стратегија за 2018-2022 година, која не ја опфаќа годината предмет на ревизија. Со член 61 од Законот за културата е утврдено дека врз основа на Националната стратегија, МК има обврска да донесе годишен план за остварување на националниот интерес во културата со кој се утврдуваат општите насоки за остварување на националниот интерес во културата и истиот треба да се објави на веб страната на министерството. МК за претходниот период и за 2023 година нема донесено годишен план, состојба која била констатирана и со Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија за 2019 година. Годишните приоритети за дејностите од национален интерес во културата се истакнуваат во објавените годишни конкурси. Не донесувањето на Националната стратегија и годишниот план има влијание на долгорочното планирање на дејностите од областа на културата како и на годишните општи насоки за остварување на националниот интерес на културата потребни за градење на критериуми и приоритети за распределбата на средства за дејностите со цел објективна, пропорционална и праведна распределба на средствата за секоја дејност поединечно. Истакнуваме дека насоките и приоритетите на МК се утврдуваат со Годишната програма на Владата. МК има изработено и од страна на Владата во декември 2023 година усвоена е Национална стратегија на МК за периодот 2023 - 2028 година[2] која не е донесена од страна на Собранието.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за донесување на Национална стратегија за развој на културата и Годишен план за остварување на националниот интерес во културата.

[2] Извод од Нацрт записник од двесте и дванаесетта седница на Владата број 41-12234/5 од 26.12.2023 година

**Годишен конкурс за финансирање на проекти од национален интерес по одделни дејности во културата**

3.2.2.Начинот на распределба на средствата за други корисници, надворешни физички и правни лица, се врши врз основа на одредбите од членовите од 62 до 65 од Законот за културата. Распределбата на средствата се врши врз основа на објавен Годишен конкурс за финансирање на проекти од национален интерес по одделни дејности во културата. Оцената на добиените пријави по конкурсите согласно на член 63 ја вршат стручни комисии. Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес за 2023 е објавен во месец октомври 2022 година и во истиот се наведени општите услови за учество со конкурсот, дејностите од културата кои се финансираат со конкурсот како и други основни информации. Врз основа на Годишниот конкурс се објавуваат посебни конкурси за секоја дејност поединечно во кои детално се предвидува постапката, посебните услови за учество, критериумите и начинот на распределба на средствата. Со увид во Годишниот конкурс за 2023 година, постапката на избор на проекти од национален интерес и спроведувањето на активностите за распределбата на средствата, го утврдивме следното:

- со Законот за културата или со интерно донесен акт не се пропишани одредби за потребните стручни квалификации, искуство и познавања од секоја поединечна дејност кои треба да ги поседуваат лицата кои се номинирани за членови на комисиите, ниту пак е пропишан начинот за нивен избор. Именувањето го врши министерот за култура врз основа на член 11 од Законот за културата, кој го пропишува начинот на ангажирање на надворешни соработници, на кои им следи надомест.[3] Поради наведеното постои можност од именување на членови на комисии без соодветни квалификации и искуство за дејностите од културата што може да има влијание на доделување на финансиска поддршка на недоволно квалитетни проекти од национален интерес;
- во конкурсите се објавени и приоритетите за секоја дејност поединечно кои треба да ги исполнат проектите. Во услови на не пропишани приоритети со годишен план или со Националната стратегија овие воспоставени приоритети се дизајнирани на начин кој е премногу општ и не се заснова на утврдени долгорочни политики за развој и унапредување на културата во земјата;
- со Законот за култура или со интерно донесен акт не се предвидени „критериуми и мерила"[4] врз чија основа ќе се врши оцена на проектите,

[3] Надоместоците на членовите на Комисиите за годишните конкурси за 2023 година се движат од 72 до 120 илјади денари

[4] Критериуми: квалитет на содржината на проектот, човечки ресурси, финансиска оправданост. Мерила: креативност, оригиналност, употреба на нови технологии, иновативност, актуелност, видливост, професионално искуство и слични критериуми и мерила во зависност од дејноста.

односно истите се предвидуваат со објавените конкурси. Оцената и изборот на проектите е обврска на формираните комисии и истото се реализира во две фази.

Во првата фаза се врши категоризација на проектите од прва категорија во која влегуваат најсложените проекти кои добиваат најголема финансиска поддршка врз основа на планираните средства до четврта категорија во која влегуваат оние проекти кои комисиите ги оцениле како наједноставни и за кои е обезбедена финансиска поддршка во најнизок износ. Утврдивме дека критериумите за категоризирање се општи и не обезбедуваат реално и објективно вреднување имајќи во предвид дека од нивото на категоризирање зависи и висината на финансиските средства кои ќе бидат одобрени. Комисиите треба да извршат поделба на одобрениот буџет за секоја од четирите категории за што не се изработени правила а одредувањето на буџетираниот износ за секоја категорија поединечно се врши врз основа на одлука на членовите на комисиите. Укажуваме и дека со оглед на тоа што конкурсот се објавува пред усвојување на Буџетот[5] комисиите немаат навремена и точна информација за висината на одобрени средства за секоја дејност поединечно и висината на средства кои ќе се алоцираат за секоја категорија. Како резултат на ова кај сите дејности утврдивме случаи на категоризирање на проекти во категории кои воопшто не се соодветни во однос на комплексноста и бројот на учесници на проектот при што истите обезбедуваат финансиски средства во висина која не одговара на комплексноста на проектот.

Во втората фаза комисијата врши бодување на категоризираните проекти при што согласно правилата воспоставени во конкурсите, поддршка обезбедуваат сите проекти кои имаат обезбедено повеќе од 51 бод. Конкурсните правила не содржат подетални објаснувања или насоки околу начинот на определување на бодовите за секој од критериумите и мерилата поединечно, бодувањето на критериумите и мерилата се врши од страна на членовите на комисијата што создава можност од не реално и не објективното бодување на аплицираните проекти. Исто така не се воспоставени „мерила" за негативно бодување на проекти од автори или организатори за кои во минати години е утврдено дека не ги реализирале проектите на начин наведен во апликациите, или недоволно ги почитувале склучените договори или не доставиле целосна и комплетна документација за направените расходи. Непропишаните јасни насоки во поглед на начинот на определување и бодовите на „критериумите и мерилата" создава можност од субјективизам, неправилно бодување на проектите и фаворизирање на поединечни проекти.

- бројот на бодови за секој проект за кој се дава поддршка е значаен од аспект

[5] Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2023 година е објавен на 17.10.2022 година. Буџетот за 2023 година е усвоен на 27.12.2022 година.

на висината на финансиската поддршка која се обезбедува. Согласно на конкурсните правила и утврдениот начин на работа на комисиите, висината на финансиските средства на секој проект се определува врз основа на вредноста на еден бод[6]. Поради ова пропустите во категоризацијата или во бодувањето на проектите имаат влијание врз висината на износот со кој поединечни проекти се финансираат со средства обезбедени преку Буџетот на МК. Со увид во извештаите од комисиите и изработените ранг листи на проекти кои обезбедиле финансиска поддршка, утврдивме дека, во поединечни случаи одделни поддржани проекти се поместени во несоодветни категории со доделен несоодветен број на бодови во однос на објавените критериуми и мерила во конкурсите како што се комплексност на проектот, број на изведувачи, со што истите обезбедиле повисок износ на финансиска поддршка. Утврдивме и поедини случаи на одобрени проекти од пониска категорија при што износот кој е одобрен за финансирање одговара на висината на износите кои се одобруваат на проекти од повисока категорија што не е во согласност со горенаведениот начин на добивање на определување на финансиска поддршка врз основа на бројот на бодови и вредноста на еден бод.

Исто така утврдивме дека поединечни носители на проекти веднаш по одобрувањето на проектот за финансирање имаат побарано и обезбедено измена на намената на одобрените средства при што со анекс кон склучениот договор се дополнуваат намени кои не биле наведени во поднесената апликација врз основа на која комисијата ја донела својата одлука. На овој начин постои можност од менување на суштината на одобрениот проект што има влијание врз квалитетот и реализацијата на истиот.

- Одредбата од член 62 од Законот за култура со која се предвидува во објавениот годишен конкурс за финансирање на дејностите од национален интерес во културата да се објавува процентот на учество на МК во финансирањето на прифатените проекти не се применува со што не е постигната транспарентност во однос на обезбедените средства.

Наведените состојби, имаат влијание на реално и објективно категоризирање, бодување и одредување на финансиска поддршка на дел од проектите од национален интерес на други корисници и финансирање на недоволно квалитетни проекти со средствата обезбедени од Буџетот на МК.

Истакнуваме дека во текот на 2023 година до Собранието доставен е Предлог закон за културата во кој се предвидени измени во начинот на определување на членовите на стручните комисии за оценка на проектите, а во конкурсите за избор на проекти предвидено е да се објавува буџетот по дејности како и приоритетите

[6] финансиските средства на проектите се определуваат кога: вкупниот буџет за секоја одделна категорија ќе се подели со вкупниот број бодови на проектите што добиле најмалку 51 бод, а кои се категоризирани во соодветната категорија. Износот на средства за финансирање на проектот се добива кога вкупниот број бодови што ги добил проектот ќе се помножи со вредноста на еден бод во соодветната категорија.

за финансирање на проектите. Со нацрт законот предвидено е критериумите и мерилата за оцена на проектите да ги пропишува министерот за култура. До денот известувањето од ревизијата овој закон не е усвоен од страна на Собранието.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности:

- да се пропишат потребните стручни квалификации, искуство и познавања од секоја поединечна дејност кои треба да ги поседуваат лицата кои се номинирани за членови на комисиите како и начинот за избор на членовите и претседателот на комисиите;
- да се пропишат прецизни насоки за начинот на категоризирање на проектите и определување на бодовите за секој од критериумите и мерилата кои се бодуваат и
- да се интензивираат напорите во насока на усвојување на нов закон за културата со кој ќе се пропишат прецизни одредби за начинот на финансирање на проекти од културата од национален интерес.

**Реализација на проекти избрани по Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес за 2023 година**

3.2.3.За финансирање на дејностите од областа на културата на други корисници избрани на годишен конкурс за 2023 година, МК има исплатено средства за одобрени проекти по дејности во вкупен износ 318.152 илјади денари прикажани во следната табела:

| Дејност | Исплатен износ (во 000 денари) | Број на одобрени проекти | Вкупно проекти | Просечно одобрен износ по проект | % на одбрени проекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 - Издавачка | 51.713 | 549 | 1.166 | 94.195 | 47,1 |
| 20 - Библиотечна | 1.737 | 34 | 45 | 51.088 | 75,6 |
| 40- Музичко сценска дејност | 72.345 | 248 | 651 | 291.714 | 38,1 |
| 41 - Драмска | 21.338 | 59 | 172 | 361.661 | 34,3 |
| 47 - Фолклорно сценска | 21.853 | 163 | 265 | 134.067 | 61,5 |
| 50 - Заштита на културно наследство | 3.897 | 17 | / | 229.235 | |
| 60 - Ликовна | 13.231 | 172 | 294 | 76.924 | 58,5 |
| 70 - Манифестации | 5.161 | / | / | | |
| 72 - Интердисциплинарни | 22.185 | 74 | 185 | 299.797 | 40,0 |
| 80 - Музејска | 8.095 | 83 | 143 | 97.530 | 58,0 |
| 90 - Меѓународна | 41.341 | 136 | 434 | 303.978 | 31,3 |
| 92 - Стипендии за млади таленти | 2.607 | 26 | / | 100.269 | |
| 93 - Културни центри во странство | 36.657 | 62 | 94 | 86.242 | 66,0 |
| 94 - ЕУ интеграции | 15.992 | 16 | 18 | 999.500 | 88,9 |
| **Вкупно** | **318.152** | **1.639** | **3.467** | **194.113** | |

Согласно на условите за учество кои се дел од објавениот Годишен конкурс за финансирање на проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2023 година, поставен е лимит за правни лица (кои не се НУ) од

најмногу две пријави во најмногу две области односно вкупно 4 проекти за сите наведени дејности од целиот конкурс (со исклучок на издавачка дејност каде се одобруваат најмногу 10 проекти од еден издавач. По извршениот избор од страна на комисиите на проекти кои се финансираат со средства обезбедени преку буџетот на МК, согласно на член 67 од Законот за културата, со корисниците на средствата се склучуваат договори за финансирање на проекти од национален интерес во културата. Согласно законот, со договорот се регулираат прашања поврзани со висина на доделените средства и нивна динамика на исплата, начин на користење на средствата, рок за реализација на проекти како и контрола на наменското и законското трошење на средствата. Корисниците се должни да достават извештаи и документација за потрошените средства по завршувањето на секоја фаза од реализација на проектите. Со ревизија на реализираните проекти ги утврдивме следните состојби:

- за реализација на склучените договори по поединечни дејности и проекти врз основа на Решенијата за преведување на средства издадени од министерот за култура, по склучените договори се врши авансна исплата на средства, освен за издавачката дејност. За исплатените авансни средства не е утврден воедначен процент и истиот се движи од 70% до 90% од одобрените средства. Остатокот на средствата се исплаќаат по доставување на поткрепувачка документацијата и финансиски и наративен извештај за потрошените средства. Истакнуваме дека авансната исплата на средства не е пропишана со Законот за култура ниту со друг закон. Договорите иако содржат заштитни одредби истите не се солемнизирани и не претставуваат извршни исправи како што предвидува член 12 од Законот за извршување[7], со што би се избегнале долгите и скапи судски постапки и веднаш би се започнало со извршувањето/наплата на средствата во случај проектите да не се реализираат а корисниците да треба да ги вратат средствата, за што МК води судски постапки (точка 4.1.1.).
- од страна на министерот за култура во 2021 година усвоена е Процедура за процесот на следење на реализација на договорите[8] во која се утврдени обврските, надлежностите и начинот за вршење на контролата на законското и наменското користење на средствата доделени на носителите на проектите од национален интерес во културата. Согласно процедурата контролата на законското и наменското трошење на доделените средства треба да ја врши организационата единица[9] која е надлежна за реализација на соодветната дејност. Процедурата не е усогласена со Правилникот за

[7] „Службен весник на Република Македонија" број 72/2016...233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 4/2020...154/2023

[8] дел од ИСО - Процедура за процесот на следење на реализација на договорите за учество во финансирање на проекти од национален интерес во културата склучени со корисниците на средства и за контрола над законитото, наменското и економичното користење на средствата.

[9] Сектор за дејности од областа на културата и уметноста, Сектор за издавачка дејност, Сектор за заштита на културното наследство, Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО, Сектор за европски интеграции.

систематизација на работни места во МК. Имено со извршените анализи утврдивме дека лицата кои се вработени во организационите единици поврзани со реализација на дејностите од областа на културата, во делот на описот на работните задачи немаат пропишана обврска со Правилникот за систематизација да вршат контрола на документацијата која се доставува од носителите на проектите како доказ за наменското и законското трошење на доделените средства што има влијание врз извршувањето на нивните редовни работни задачи. Утврдивме исто така дека не постои унифицираност и воедначеност во постапките за контрола на проектите. Исто така во овие организациони единици вработените имаат квалификации (уметнички високошколски образовни профили) кои не одговараат на извршувањето на функцијата на контролни активности, што влијае на квалитетот на контролата на проектите.

- во одредбите на склучените договори со носителите на проектите се утврдуваат и намените за кои одобрените средства од страна на МК може да се потрошат без да е дефинирана висина на средства за секоја намена поединечно. Утврдивме дека кај дел од проектите кои се однесуваат на организација на манифестации, симпозиуми или фестивали содржат трошоци за склучени договори по основ на авторски хонорари за лица задолжени за организација на овие настани, со кои не се прецизно пропишани нивните обврски[10]. Поради неизвршеното ограничување на расходите по основ на авторските договори кај дел од проектите овие расходи достигнуваат до 65% од вкупно доделените средства[11]. Истакнуваме дека авторските договори не можат да се поврзат со реално направените трошоци поради што и не може да се потврди законското и наменско користење на средствата како што предвидува член 68 и 69 од Законот за култура;
- во одредбите на склучените договори не е пропишана обврска за носителите на проектите средствата кои им се доделени да се уплаќаат на посебна наменска сметка со што би се овозможило да се одделат средствата кои се обезбедуваат од МК од другите извори на финансирање како и од сметките на корисниците за редовно работење. Утврдивме дека дел од носителите на проектите до МК имаат доставено финансиска документација во износ кој го надминува износот на одобрени средства преку МК и висината на исплатите кои се наведени во оперативниот и финансискиот извештај. Оваа состојба ја отежнува можноста од ефикасна финансиска контрола на наменското трошење на средствата предвидени во член 69 од Законот за култура и создава можност истата документација за покривање на расходите да се достави и до други институции кои вршат финансирање на проекти преку средства од Буџетот на државата;

[10] хонорари за лица задолжени за организација на овие настани, директори на фестивали, координатори на разни активности, маркетинг и ПР активности
[11] Одделни авторски договори достигнуваат висина и до четири илјади евра

- утврдивме случаи на доставена поткрепувачка документација, фактури за извршени набавки на стоки, угостителски, логистички услуги, сместување на учесници и превоз да не ги содржат сите податоци кои се потребни за утврдување на точноста на прикажаниот износ и веродостојноста на направениот трошок[12]. Документацијата доставена на овој начин не обезбедува квалитетна контрола и надзор врз реализацијата на проектите како што предвидува членот 69 од Законот за култура и истата не требало да биде прифатена како веродостојна од страна на лицата кои вршеле контрола. Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и придонесува за не соодветно користење на средствата.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности:

- за пропишување на одредби за авансна исплата на средства за одобрените проекти;
- да се преиспита можноста од реорганизација и воспоставување соодветна организациона единица која ќе ја врши контролата на средствата кои се доделени за реализација на проектите од областа на културата;
- склучените договори да вклучат и одредби со кои ќе се утврди висината на средствата по одредени намени во делот на авторски договори за организација и координација на проектите и да се ограничи процентот на учество на авторските договори за организација на настани во однос на вкупната вредност на проектите;
- во договорите со избраните носители на проекти да се предвидат одредби за отворање на наменска сметка на која ќе се одобруваат одобрените средства од Министерството за култура и
- воспоставување на соодветен механизам на контроли за потврдување на целосната, точноста и веродостојноста на финансиската документација во прилог на финансиските извештаи од реализираните проекти.

3.2.4.Во рамките на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2023 година, МК финансирало и интердисциплинарни проекти за кои се доставени 185 апликации од кои поддржани се вкупно 74 проекти односно 40% од пристигнатите апликации. За одобрените проекти согласно донесената Програма за 2023 година, исплатени се средства во вкупен

[12] непотпишани фактури, фактури со општ опис односно без спецификација на набавените стоки или извршени услуги, фактури без соодветни податоци за бројот на лица и бројот на денови за кои е користено сместување, користено возило за превоз и изминати километри, патни налози без поткрепувачка документација во прилог како доказ за настанатиот трошок. Дел од фактурите кои се однесуваат за печатење на рекламен материјал се доставени и прифатени без доказ за извршеното печатење.

износ од 22.185 илјади денари од кои 1.689 илјади денари се обврски исплатени од Годишниот конкурс за 2022 година. По извршениот увид во Извештајот изработен од комисијата за интердисциплинарни дејности, Програмата донесена од министерот за култура, извршената анализа на сметководствената документација и извршениот увид од избран примерок на проекти ги утврдивме следниве состојби:

- согласно Законот за култура интердисциплинарната дејност не е утврдена како посебна дејност од областа на културата од национален интерес. Оваа дејност не е утврдена ниту во Националната стратегија за развој на културата во РМ за период 2018-2022 година, со која МК ги има утврдено културните дејности и приоритетите за секоја дејност поединечно. И покрај ова во текот на 2023 година како и во минати години, почнувајќи од 2018 година, МК со Годишните конкурси покрај проекти од секоја од дејностите утврдени со Законот и Националната стратегија, финансира и интердисциплинарни проекти кои не претставуваат составен дел на ниту една од дејностите предвидени со овие акти. Финансирањето на проекти кои не се опфатени со културните дејности со законот и националната стратегија, влијае врз утврдувањето на значајноста, приоритетите и евалуацијата при нивниот избор поради нивната комплексност и разновидност како и висината на средствата кои се исплаќаат по овој основ;
- во рамките на интердисциплинарните дејности извршено е финансирање на годишни програми на правни лица - други корисници. МК со склучување на еден договор извршило финансирање на повеќе од десет поединечни проекти кои се спроведуваат и кои всушност претставуваат реализација на Годишна програма на овие правни лица. Наведената состојба не е во согласност со одредбите од годишните конкурси каде е предвидено дека правните лица[13], со исклучок на локалните установи, може да конкурираат во најмногу две области со најмногу два проекта во секоја област, односно едно правно лице може да поднесе вкупно 4 проекти;
- финансирана е реализација на две самостојни изложби кои претставуваат дел од ликовната дејност и истите требало да бидат реализирани преку распишаниот конкурс за оваа дејност. Исто така финансирани се проекти за филмски фестивали во износ од 2.982 илјади денари кои во целост претставуваат проекти кои припаѓаат на филмската дејност чие финансирање е во надлежност на Агенцијата за филм. Ваквата состојба може да овозможи исти проекти да бидат финансирани од буџетите и на МК и на Агенцијата за филм;
- во интердисциплинарните дејности на МК воспоставена е пракса, по барање на носителот на проектот и извршената консултација со министерот, да се

[13] Под правни лица се подразбираат установи од областа на културата (локални или приватни), единици на локалната самоуправа, здруженија, сојузи, асоцијации, трговски друштва, трговци поединци и други правни лица регистрирани во Република Северна Македонија во согласност со закон

изврши измена на склучениот договор во делот на доделените средства како и за намената за која истите се одобрени преку склучување на анекс договори. Оваа состојба не е во согласност со предлог проектите содржани во извештајот на стручната комисија и проектите одобрени во програмата за оваа дејност. Утврдивме дека кај еден од одобрените проекти, извршено е зголемување на одобрениот износ од склучениот договор за 300 илјади денари односно 100% зголемување на првично одобрениот износ, без да е донесено ново решение и без промена на програмата за 2023 година. Склучен е анекс договор со кој е извршена промена одобрениот износ за финансирање на соодветниот проект без да е утврдена категоријата и освоените бодови[14]. Наведениот начин на постапување не е во согласност со член 62 и 63 од Законот за култура со кои е пропишан начинот на реализација на годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата и влијае на процесот на категоризација и евалуација;

- корисниците на средствата од проектите во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот се должни до МК да достават извештај за реализација на проектот кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства за реализација на проектот, поткрепувачка документација[15] со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање. Утврдивме дека кај четири проекти, извршено е целосното исплаќање на одобрените средствата без да биде доставена комплетна поткрепувачка документација за дел од потрошените средства, што не било констатирано од страна на лицата кои биле задолжени за контрола на проектите. Ова не е во согласност со член 68 и 69 од Законот за култура и член 7 и 9 од склучените договори согласно кои корисниците се должни до МК да достават извештај и документација со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање а МК да ја следи реализацијата на склучените договори и да врши контрола и надзор над нивната реализација.

Одобрувањето и финансирањето на проекти во интердисциплинарна дејност не е во согласност со член 48 од Законот за култура со кој се утврдени дејностите како и системот на финансирање на поединечни проекти со Законот за културата и Националната стратегија за развој на културата 2018 - 2022 година и ги става во нерамноправна положба другите корисници, физички и правни лица кои учествуваат во годишните конкурси за финансирање на проекти од пропишаните културни дејности за објавување.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности:

[14] согласно вредноста проектот припаѓа на прва категорија
[15] договори, сметки, фактури, банкови изводи, конечен финансиски извештај

- да се преоцени начинот на финансирањето на интердисциплинарната дејност како и можноста проектите да бидат опфатени со посебен годишен конкурс и да бидат вклучени во некои од конкурсите за финансирање на културните дејности утврдени со Законот за култура и Национална стратегија.
- да се преиспита основаноста за финансирање на годишни програми на правни лица кои не се Национални установи земајќи ги во предвид барањата воспоставени во Годишниот конкурс;
- целосно да се документираат сите измени во поглед на висината и намената на доделените финансиски средства и да се донесат акти со кои измените се одобруваат со образложение за причините на извршените измени;

3.2.5.Согласно Законот за култура член 64 став 3, МК може да додели средства за реализација на проекти од национален интерес од областа на меѓународната културна соработка или од областа на заштитата на културното наследство, кои од објективни причини не можеле да бидат доставени на конкурсите на МК за тековната година. Притоа утврдивме дека еден дел од исплатените средства за проекти од меѓународната културна соработка се исплатени вон програмски, односно без учество на објавениот конкурс од оваа дејност. Со увид во усвоените извештаи од комисиите и ранг листите на проектите на кои им се одобрени средства, како и проектите кои се вон програмски поддржани со финансиски средства од МК, утврдивме дека еден дел од проектите се исплатени на правни лица кои учествувале на Годишниот конкурс и ги надминале поставените ограничувања пропишани со Годишниот конкурс, со што можноста која е дадена со член 64 став 3 од Законот за културата за „објективни причини" се користи за добивање на дополнителни проекти над утврдените лимити од 4 проекти. Со увид во апликациите и описот на проектите од овие носители утврдивме дека истите се од таков карактер да не постоеле објективни причини за недоставување на апликација по редовен пат, односно се работи за музички фестивали или настани кои се организираат во исто време и од истите организатори во рамките на проекти за кои МК има одобрено финансиска поддршка преку Годишниот конкурс.[16] По овој основ, од ревидираниот примерок одобрени се 8 проекти за кои се исплатени средства во износ од 5.407 илјади денари што не е во согласност со член 64 став 3 од Законот за култура. Истакнуваме дека МК има усвоено Упатство[17] за финансирање на проекти од областа на меѓународната соработка, кое содржи општи одредби и

[16] Согласно член 64 став 3 Законот за културата одобрувањето на вон програмски средства е можно единствено од меѓународна дејност и од заштита на културно наследство, најголем дел од вон програмските средства се исплаќаат од програмата за меѓународна дејност при што барателите се повикуваат на обезбедени странски учесници но истото објаснување важи и за проектите кои конкурирале во некоја од останатите дејности.

[17] Упатство за условите и начинот на финансирање на проекти од национален интерес од областа на меѓународната соработка или од областа на заштитата на културното наследство кои од објективни причини не можеле да бидат доставени на Годишните конкурси на МК, број 08-14897/1 од 28.12.2018 година.

не дава доволно прецизни насоки за начинот за постапување во поглед на утврдувањето на „објективните причини" за одобрување на средства надвор од годишниот конкурс при што не се дадени ограничувања за правните субјекти, кои веќе учествувале и обезбедиле поддршка на Годишниот конкурс.
Овој начин на доделување на проекти ги става во нерамноправна положба другите корисници, кои учествуваат во годишните конкурси и ја намалува транспарентност на доделувањето на средствата.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за доуредување на Упатството за условите и начинот на финансирање на проекти од национален интерес од областа на меѓународната соработка или од областа на заштитата на културното наследство кои од објективни причини не можеле да бидат доставени на Годишните конкурси на МК со детално прецизирање на „објективните причини" и воспоставување на прецизни ограничувања за правните субјекти кои учествувале и обезбедиле поддршка со Годишниот конкурс.

3.2.6.Врз основа на Програма за капитални дотации до ЕЛС и спроведен конкурс за избор на капитални проекти, МК во 2023 има трансферирани средства во висина од 37.392 илјади денари до девет општини[18] во земјата за изградба на капитални објекти или изработка на основни проекти за изградба на културни домови. Притоа со овие општини склучени се договори во кој е предвидено исплатата на средствата да се врши по добиено барање од страна на ЕЛС со прилог документација за исплата[19]. Согласно Одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници на централната власт и фондовите[20], Владата има донесено Одлука за доделување на средства на Општина Липково преку буџетот на МК[21], за реализација на проект Дом на култура во с. Матејче во висина од 30.000 илјади денари. МК со Општина Липково има склучено договор кој се разликува од договорите со останатите ЕЛС. Имено обезбедените средства се исплатени веднаш по донесување на одлуката при што со склучениот договор со општина Липково не е побарано доставување на прилог документација пред исплатата како што е предвидено во одредбите од склучените договори со останатите девет ЕЛС. Предмет на договорот е изградба на бина и шест дрвени штандови што не е соодветно во однос на висината на обезбедените и исплатени средства и влијае на наменското трошење на овие средства. Со анализа во документацијата која ни беше доставена во врска со овој проект утврдивме дека истиот започнал да се гради во 2014 година, а во 2019 година од МК има трансферирано средства во износ

[18] Општина: Валандово, Делчево, Кратово, Крива Паланка, Кривогаштани, Крушево, Маврово -Ростуше, Струмица и Чашка.
[19] фактури, испратници, заверени времени ситуации и претходно спроведена постапка за јавни набавки
[20] Службен весник на Република Северна Македонија" 264/23
[21] Одлука за распределба на средствата, обезбедени во раздел 18010 - финансирање на дејностите од областа на културата, во Потпрограма 84 - Одржување на објектите и опремата во областа на културата ,на ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС за 2023 година број 41-13092/2 од 14.12.2023.

од 25.000 илјади денари. Горенаведената состојба не е во согласност со член 2 од Законот за извршување на Буџетот за 2023 година, согласно кој Буџетските корисници и единките корисници се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно и согласно член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници согласно кој внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи и создава можност од ненаменско користење на средствата.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за проверка на реализацијата на проектот, контрола на доделените средства на Општина Липково преку буџетот на МК, основот на договорот и наменското користење на направените расходи, во случај на ненаменско потрошени средства да се преземат соодветни мерки.

**Јавни набавки**

Со цел да добиеме уверување за усогласеноста на користењето на средствата на МК за 2023 година со ЗЈН, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени шест постапки за јавни набавки од кои една постапка е спроведена во 2021 година и пет постапки се спроведени во 2023 година. Проценетата вредност на постапките за јавни набавки изнесува 52.304 илјади денари додека вредноста на склучените договори е во износ од 41.371 илјади денари и истата опфаќа 77% од вкупната вредност на договорите за постапките спроведени во 2023 година за кои се склучени договори во вкупен износ од 53.914 илјади денари. Со ревизијата опфативме и една постапка од 2021 година во проценета вредност од 14.500 илјади денари која има реализација во 2023 година во висина од 15.529 илјади денари, при што утврдивме:

3.2.7.Со Правилникот за систематизација и организација предвиден е Сектор за јавни набавки со две одделенија: Одделение за спроведување на ЈН и Одделение за следење и реализација на доделените договори за јавни набавки со систематизирани дванаесет вработени. Утврдивме дека во 2023 година, секторот нема вработени лица. Спроведувањето на постапките за ЈН го вршат формирани комисии за ЈН од редот на вработените, додека поддршката и подготовката на документацијата во врска со постапките се доверени на надворешно физичко лице со склучен договор за дело. ЗЈН во член 80 предвидува договорниот орган да определи лице или организационен облик во чии рамки ќе се вршат работите од

областа на јавните набавки. Не пополнетоста со вработени лица на единицата за ЈН може да има влијание на квалитетот и одговорноста на спроведувањето и реализацијата на постапките за ЈН во МК.

**Препорака**
Одговорното лице да преземе мерки и активности за соодветно пополнување на Секторот за јавни набавки со стручни лица.

3.2.8.Во 2023 година МК спровело постапка за набавка на услуги за изработка на проектно-техничка документација на ниво на основен проект за реконструкција на постоечки објекти на НУ центар за култура во Битола, НУ Народен театар во Битола и објект на поранешно кино Партизан во Битола со вклучена ревизија, со вредност на склучен договор во износ од 2.926 илјади денари. Со извршениот увид во начинот на спроведената постапка, утврдените критериуми, евалуација и склучениот договор утврдивме дека:

- при евалуација на економски најповолната понуда како однос на цена и квалитет за бодување на делот за квалитет со тендерската документација од ЕО било побарано да достават референтна листа на извршени услуги – изработка на проектна документација во последните 5 години, за исти или слични објекти од областа на културата. Од доставените референтни листи, договори и потврди може да се заклучи дека комисијата не вршела фактичка евалуација на севкупно доставената документација и доделила максимален број бодови за сите економски оператори кои учествувале во постапката. Поради ваквото бодување, изборот на економски најповолна понуда, е извршено со бодување на критериум цена што не е во согласност со член 99 став 5 од ЗЈН согласно кој кај постапките за јавна набавка на услуги за изработка на софтвер, архитектонски или инженерски услуги, договорниот орган не смее да ја користи цената како единствен критериум за избор на најповолна понуда. Исто така истакнуваме дека врз основа на член 99 став 2 од ЗЈН, економски најповолна понуда се оценува врз основа на критериуми, вклучувајќи квалитативни, еколошки и социјални аспекти поврзани со предметот на набавката при што претходното искуство на економските оператори не е наведено како критериум кој се бодува. Укажуваме дека претходното искуство на економските оператори е уредено во делот за техничка и професионална способност од ЗЈН, каде согласно членот 92 став 2, договорниот орган може да бара од економските оператори да имаат потребно искуство, кое ќе го докажат со соодветни препораки од претходни набавки;
- при дефинирањето на минималните услови за докажување на техничка и професионалната способност за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган побарал избраниот ЕО да има на располагање вработени или ангажирани минимум осум лица дипломирани архитекти и инженери со овластување „А" за проектирање, кои ќе бидат директно вклучени во изработката на проектната документација која е предмет на јавната набавка

и тоа за фазите архитектура, термотехнички, електротехнички и хидротехнички инсталации. Утврдивме дека од приложената листа за стручен персонал доставена од избраниот ЕО за основ за докажување на неговата техничка и професионална способност не може да се потврди дека истиот располага со вработени или ангажирани лица со А лиценци за проектирање во фази хидро и термо технички инсталации.

Исто така наведената состојба не соодветствува со член 16 од Законот за градење согласно кој за добивање А лиценца за проектирање на градби од прва категорија во која спаѓа и основниот проект за предметната набавка, правното лице до надлежниот државен орган кое ја доделува лиценцата, потребно е да достави доказ дека има вработено најмалку тројца инженери од кои еден со овластување А за проектирање и еден со овластување Б за проектирање. Имајќи ја во предвид ова законска одредба, на овој начин дефинираните услови во тендерската документација не претставуваат минимални услови за докажување на техничката и професионалната способност за квалитетно извршување на договорот односно вака дефинираните услови за учество во оваа јавна набавка се построги од условите пропишани во Законот за градење што има влијание на намалување на можниот број на заинтересирани економски оператори. Поради ова не е постапено согласно член 3 од ЗЈН и обезбедување на конкуренција и еднаков третман на економските оператори.

- не е постапено согласно со член 112 од ЗЈН, односно одлуката за избор не е донесена во рок утврден за донесување на одлуките во предметната постапка односно истата е донесена со задоцнување од 22 дена.;
- во досието од спроведената постапка нема одложено изјави за непостоење судир на интереси од претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка, што не согласно со член 38 од ЗЈН.

Утврдените неправилности во предметната постапка укажуваат дека МК не постапило согласно член 5, 7 и 8 од ЗЈН односно повредени се начелата на конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори и начелото на сразмерност во однос на изборот, дефинирањето и примената на условите, барањата и критериумите, кои мора да се логички поврзани со предметот на набавка.

**Препорака**

Одговорното лице во МК да преземе мерки и активности во насока на воспоставување на соодветни критериуми за учество во постапките за јавни набавки кои ќе обезбедат соодветно ниво на конкуренција и рамноправност меѓу економските оператори.

3.2.9. Во 2021 година спроведена е постапка за изработка на проектно техничка документација за реконструкција на објекти од областа на културата со вклучен проектантски надзор за која во 2023 година е исплатен износ во висина од 15.529

илјади денари. Во тендерската документација од заинтересираните ЕО се бара доставување на полиса за одговорност за работење за претходните години и за тековната година во висина од најмалку 10 милиони денари. Имајќи предвид дека предметот на набавката е реализација на изготвените проектни документации преку изградби или реконструкции може да се случат по изминат подолг временски период, евентуалните недостатоци во проектните документации нема да бидат видливи до фактичката реализација на проектот. Со оглед на тоа што со постапката за ЈН се бара полиса за осигурување за претходни и тековна година и истата има важење од една година, а носителот на набавката не е обврзан да се осигура по овој период барањето за доставување на полиса за осигурување не води кон дополнителна заштита на МК од грешки во изработката на предметот на набавката. Согласно на склучениот договор рокот за изработка на проектно техничка документација бил предвиден да се заврши за 75 дена, но договорот е реализиран во јуни 2023 година односно по истекување на рокот на полисата која била барана во постапката и врз основа на чие недоставување од постапката се исклучени неколку заинтересирани економски оператори. Како резултат на ова не е постапено во насока на обезбедување на ниво на конкуренција и рамноправност меѓу економските оператори на начин кој е пропишан во ЗЈН во делот на член 3.

**Препорака**

Одговорното лице во МК да преземе мерки и активности во насока на воспоставување на критериуми за учество во постапките за јавни набавки кои ќе се соодветни на предметот на набавката.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. На почетокот на 2023 година пренесени се обврски за неисплатени спорни проекти кои во најголем дел потекнуваат од 2020 година во вкупен износ од 19.571 илјади денари. За истите била известена Владата, која со заклучок го задолжила МК, за проектите за кои по извршен инспекциски надзор во законски уредена постапка од страна на Секторот за Управен и инспекциски надзор при МК, да се утврди дали корисниците имаат доставено комплетна документација и доказ за реализиран проект и да изврши исплата на средства додека за корисниците кои не го сториле истото да се раскинат склучените договори и да се побара враќање на уплатените средства. Во текот на 2023 година овие обврски се намалени и на 31.12.2023 година изнесуваат 18.139 илјади денари. Оваа состојба создава неизвесност во поглед на обврските кои ги има МК за кои треба да се зафаќаат финансиски средства од Буџетот во идниот период.

4.2. МК во постапка пред надлежните судови се јавува во својство на тужител или тужена странка во вкупно 38 судски предмети. Заклучно со 29.03.2024 година во својство на тужител МК се јавува во 7 активни предмети по различни основи во вкупен износ од 50.912 илјади денари, кои во најголем дел се по основ на барање на поврат на авансно префрлени средства од корисници на средства кои не ги

исполниле обврските согласно потпишаните договори. Со 10.05.2024 година во својство на тужена страна МК се јавува во 13 активни предмети по различни основи во вкупен износ од 221.060 илјади денари, кои во најголем дел се однесуваат на барање за надомест на штета поради еднострано раскинати договори од фирми кои биле ангажирани од МК за изградба на капитални објекти. МК има добиено 18 судски спорови за кои е добиена правосилна судска пресуда, по што се поведени извршни постапки во вкупна висина од 17.102 илјади денари. Исходот од судските постапки кои сеуште не се завршени е неизвесен може да влијае на расходите по овој основ а со тоа и на финансиските извештаи.

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 01.03.2024 до 03.07.2024 година, на Министерството за култура на сметката на основен буџет (637-12), од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Љубица Тошевска, помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор;
- Сашко Геразов, раководител на ревизија и овластен државен ревизор;
- Ведран Јовановски, виш ревизор и овластен државен ревизор и
- Метин Буши, ревизор.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Министерството за култура на сметката на основен буџет (637-12) за 2019 година, при што е изразено неповолно мислење за вистинитото и објективното прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2019 година на сметката за основен буџет 637-12 бр.14-255/9 од 26.03.2021 презентирано како прилог кон овој Извештај, при што констатиравме дека од дадените дванаесет препораки: две се спроведени, осум се делумно спроведени, и две препораки не се спроведени.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на Министерството за култура, застапувано од:

- Бисера Костадиновска – Стојчевска, министер од 17.01.2022 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.
Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.
Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Министерството за култура, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 9. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерството за култура одржан на ден 20.06.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

На ден 03.09.2024 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за култура, број 02-7264/2 од 26.08.2024 година од раководното лице на Министерството за култура и туризам, заведени во Државниот завод за ревизија под број 23-141/14 кои се однесуваат на точките 3.2.2, 3.2.3, на препораката под реден број 4 од Прилог - 1 од Известувањето за извршена проверка на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 14-255/10 од 26.03.2021 година за Министерство за култура и на точката 1.2 од Образложенијата кон финансиските извештаи. Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор при што истите не се прифатени од причина што не се доставени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби, освен за точката 1.2 од Образложенијата кон финансиските извештаи која поради техничка грешка е прифатена.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

**Сметка на основен буџет (637-12)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 867.048 | 762.747 |
| **Вкупно приходи** | | **867.048** | **762.747** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 29.271 | 21.801 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 4.506 | 4.885 |
| Тековни трансфери до ЕЛС | 3.3. | 428.910 | 406.405 |
| Субвенции и трансфери | 3.4. | 318.163 | 327.118 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **780.850** | **760.209** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.5. | 86.198 | 2.538 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **86.198** | **2.538** |
| **Вкупно расходи** | | **867.048** | **762.747** |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

### Сметка на основен буџет (637-12)

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 141.533 | 116.896 |
| Аванси за капитални средства | 4.1.2. | 67.407 | 67.407 |
| **Вкупно тековни средства** | | 208.940 | 184.303 |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 529.576 | 529.576 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 182.550 | 741.002 |
| **Вкупно постојани средства** | | 712.126 | 1.270.578 |
| **Вкупна актива** | | 921.066 | 1.454.881 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1.344 | 1.344 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 140.189 | 115.552 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 249.957 | 808.409 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 391.490 | 925.305 |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 529.576 | 529.576 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | 529.576 | 529.576 |
| **Вкупна пасива** | | 921.066 | 1.454.881 |
| Вонбилансна актива и вонбилансна пасива | 4.4.2. | 385.121 | 400.866 |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Сметка на основен буџет (637-12)

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2023 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2023 година | 529.576 | - | 529.576 |
| Зголемување по основ на: | - | - | - |
| Набавки | - | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | - | | - |
| Намалување по основ на: | - | - | - |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | - | | - |
| Состојба 31.12.2023 година | 529.576 | - | 529.576 |

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Запознавање со субјектот

Министерството за култура е орган на државната управа чие основање, организација, надлежност и работа е уредено со Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр. 58/2000, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „ Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24) и е надлежно за вршење на функциите на државната управа од различни области на културата.

## 1.2. Делокруг на работење на субјектот

Министерството, согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа ги врши работите што се однесуваат на:

- следењето, анализирањето и предлагањето акти и мерки за развој и унапредување на културата;
- организацијата, финансирањето и развојот на мрежата на националните установи и финансирањето на програми и проекти од национален интерес во оваа област;
- заштитата на културното богатство;
- издавачката, музичката, сценско-уметничката, филмската, галериската, библиотечната, архивската, музејската и кинотечната дејност, дејноста на домовите на културата и дејноста за посредување во културата;
- заштитата на авторското право и сродните права;
- споменичкото одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес;
- надзорот од негова надлежност и
- врши и други работи утврдени со закон.

## 1.3. Финансиски податоци за субјектот

Министерството за култура на РСМ во 2023 година своето работење го извршува преку следните сметки за кои се изготвуваат посебни годишни пресметки и тоа:

- 637-10 - сметка на основен буџет - сметка на Министерството за култура и
- 637-12 - сметка на основен буџет - сметка за дејностите од областа на културата.

Согласно приложените картони на депонирани потписи во тек на 2023 година овластен потписници на овие сметки на Министерството за култура се:

- Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура;
- Сузана Которчевиќ, раководител на секторот за финансиски прашања и
- Гордан Јанкуловски, помошник раководител на сектор.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Признавање на приходи и расходи**

2.1. Признавањето на приходите и другите приливи во Министерството за култура - сметка на основен буџет (637 - 12) во Билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување (готовинска основа) во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост

2.2. Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

2.3. Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

2.4. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

2.5. Проценетите расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

2.6. Расходите кои не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

**Проценување на билансните позиции**

2.7. Министерството за култура води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

2.8. Проценувањето на билансните позиции се спроведува според сметководственото начело на парично искажување.

2.9. Долгорочните и краткорочните средства се проценуваат по нивната набавна вредност зголемена со издатоците кои директно можат да се додадат на расходите за набавката.

2.10. Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

2.11. Побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

2.12. Долгорочните средства, чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност може да се прикаже групно како ситен инвентар кој се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба.

**Амортизација и ревалоризација**

2.13. Корисниот век на употреба односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјални средства се спроведува со примена на годишните стапки за отпис согласно Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници со праволиниска метода на отпис.

2.14. Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се коригира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средствата над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалната способност.

2.15. За износот на пресметаната амортизација се намалуваат нематеријалните и материјалните средства и изворите на средствата.

2.16. Материјалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење дејноста. Нематеријалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.17. Отпишувањето на нематеријалните и материјални средства може привремено да се прекине за средствата што се оштетени од виша сила, до нивното оспособување за користење.

2.18. Изворите на средства во билансот на состојба кај Министерството за култура се проценуваат според утврдената вредност на стекнатиот:

- Државен - јавен капитал (постојани материјални и нематеријални средства);

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на износите на средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите, во вкупен износ од 867.048 илјади денари во 2023 година (2022 година – 762.747 илјади денари).

### 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите, за други надоместоци за плата во вкупен износ од 29.271 илјади денари во 2023 година (2022 година – 21.801 илјади денари), по основ на исплата на придонеси за здравствено, пензиско и др. за самостојните уметници.

### 3.2.2. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по основ на:

- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат расходи за: електрична енергија и централно греење;
- договорни услуги кои опфаќаат расходи за: осигурување на недвижности и права и и други договорни услуги.

**во 000 денари**

| Опис | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4.506 | 3.385 |
| Договорни услуги | - | 1.500 |
| **Вкупно:** | **4.506** | **4.885** |

### 3.3. Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите во вкупен износ од 428.910 илјади денари во 2023 година (2022 година – 406.405 илјади денари), по основ на блок дотации за финансирање за институционална и финансиска поддршка на културните установи.

### 3.4. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите во вкупен износ од 318.163 илјади денари во 2023 година (2022 година – 327.118 илјади денари), по основ на разни трансфери за исплата на средства по склучени договори со носителите на проекти прифатени и вклучени во Годишната програма на МК.

### 3.5. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- други градежни обејкти;
- капитални дотации до единиците на локална самоуправа.

во 000 денари

| Опис | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Други градежни објекти | 18.806 | 1.238 |
| Капитални дотации до единиците на локална самоуправа | 67.392 | 1.300 |
| Вкупно: | 86.198 | 2.538 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

### 4.1. Тековни средства

### 4.1.1. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во висина од 141.533 илјади денари (2022 година – 116.896 илјади денари), колку што изнесува збирот на износите искажани како обврски спрема добавувачите и краткорочни финансиски обврски.

### 4.1.2. Аванси за капитални средства

Оваа позиција е проценета во висина од 67.407 илјади денари (2022 година – 67.407 илјади денари) колку што изнесува збирот за дадените аванси за капитални средства за објектите „Македонска филхармонија" и „Скулптурална композиција".

### 4.2. Постојани средства

### 4.2.1. Материјални средства

Оваа позиција е проценета во висина на опрема за извршување на дејности во областа на културата, уметнички слики и капиталните вложувања во проекти за печатење на книги, кои на крајот на 2023 година се искажани во висина од 529.576 илјади денари (2022 - 529.576 илјади денари).

### 4.2.2. Материјални средства во подготовка

Материјалните средства во подготовка на крајот на 2023 година се искажани во висина од 182.550 денари (2022- 741.002 илјади денари).
Состојбата и промените на материјалните средства и материјалните средства во подготовка во 2023 година се прикажани аналитички по групи во табелата во продолжение на Образложенијата на овој извештај.

ПРОМЕНИ КАЈ ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2023 ГОДИНА

во 000 денари

| ОПИС | Опрема | Други средства | Аванси за материјални средства | Инвестиции во тек-градежни објекти, опрема и друго | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5=од 1 до 4 |
| | 022 | 025 | 026 | 030 | |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2023** | 211,550 | 408,123 | 67,407 | 741,002 | 1,428,082 |
| Набавки во текот на годината | | | | | - |
| Пренос од средства во подготовка | | | | | - |
| **Вкупни зголемувања:** | - | - | | - | - |
| Расходување | | | | | - |
| Преотстапени постојани средства | | | | | - |
| **Вкупно намалување** | - | - | | - | - |
| Ревалоризација | | | | | - |
| **Состојба на ден 31. Декември 2023** | 211,550 | 408,123 | 67,407 | 741,002 | 1,428,082 |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2023** | 90,097 | | | | 90,097 |
| Амортизација за тековната година | | | | | - |
| Преотстапени материјални средства | | | | | - |
| Расходи и отудувања | | | | | - |
| Отстапување без надомест | | | | 558,452 | 558,452 |
| Ревалоризација | | | | | - |
| **Состојба на ден 31.Декември 2023** | 90,097 | - | | 558,452 | 648,549 |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2023** | 121,453 | 408,123 | 67,407 | 182,550 | 779,533 |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2022** | 121,453 | 408,123 | 67,407 | 741,002 | 1,337,985 |

# ПАСИВА

## 4.3. Тековни обврски

### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачите

Оваа позиција е проценета во висина на пресметаните, а неисплатени обврски спрема добавувачите во земјата во износ од 1.344 илјади денари (2022 година - 1.344 илјади денари).

### 4.3.2. Краткорочни финасиски обврски

Оваа позиција во Билансот на состојбата за 2023 година е проценета во висина од 140.189 илјади денари (2022 – 115.552 денари) и се однесува на обврски по основ на неплатени договори од годишната програма на МК, обврски по фактури и времени ситуации.

#### 4.3.3. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 249.957 илјади денари а се однесува на материјалните средства во подготовка и авансите за материјални средства (2022 година 808.409 илјади денари).

### 4.4. Извори на средства и вонбилансна евиденција

#### 4.4.1. Извори на капитални средства

Оваа позиција на 31.12.2023 година е проценета според номиналната вредност на државниот - јавен капитал во износ од 529.576 илјади денари (2022 година - 529.576 илјади денари).

#### 4.4.2. Вонбилансна евиденција

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 385.121 илјади денари (2022 година 400.866 илјади денари), а се однесува на капитални инвестиции на МК кои се евидентирани на оваа позиција и за кои се очекува да се пренесат во евиденцијата на правните лица на кои истите им се доделени.

**ПРИЛОГ БР.1**

**Известување за извршена проверка**

**на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 14-255/10 од 26.03.2021 година за Министерство за култура на Република Северна Македонија – Сметка на основен буџет 637-12**

| Препорака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препораката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | 4.1.1. | Министерството да преземе мерки и активности :<br>- да се донесат јасни и прецизни критериуми за распределба на капиталните дотации, со што ќе овозможат комисијата да изготви рангирање и реална проценка на средствата кои треба да се одобрат за финансирање на одделните проекти и<br>- трансферот на капитални дотации до ЕЛС за финансирање на инвестиционите проекти во областа на културата да се врши согласно Програмата донесена од Владата на РСМ и согласно одредбите предвидени во склучените договори помеѓу Министерството и корисниците на средствата. | ДС | МК има воспоставено мерила и критериуми за избор на капитални дотации, формирана е и комисија која врши оцена на доставените проекти. Не е во целост почитувана Програмата за капитални дотации односно кон крајот на 2023 година извршен е трансфер надвор од Програмата кон една ЕЛС, со донесена одлука од Владата. | За извршениот трансфер надвор од Програмата за капитално дотации кон една ЕЛС издаден е наод во извештајот од реализиранаta ревизија за 2023 година. |

*Ревизорски тим:*
1. ____________
2. ____________
3. ____________

*Овластен државен ревизор*
____________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | 4.1.2 | Министерот за култура да ги преземе следните мерки:<br>- да се донесе Годишен план за остварување на националниот интерес во културата кој ќе биде основа за распишување на годишен конкурс за финансирање на проекти од национален интерес ;<br>- да се донесат интерни акти/процедури со кои ќе се дефинираат условите во годишниот конкурс за избор на проекти и следењето на реализацијата на проектите од национален интерес;<br>- во соработка со надлежните органи да се интензивираат активностите за донесување предлог Законот за остварување на јавниот интерес во културата од страна на Собранието на РСМ. | ДС<br>НС<br><br>СП<br><br>НС | Од страна на МК Преземени се активности во врска со дефинирање на условите за избор на проекти и следењето на реализацијата на проектите за кои се констатирани одредени слабости. Не е постапено по останатите препораки по оваа состојба. | Со извршената ревизија за 2023 година констатирани се одредени недостатоци во врска со дефинирање на условите за избор на проекти и следењето на реализацијата на проектите. Во врска со ова како и неизготвувањето на Годишниот план за остварување на националниот интерес во културата како и недонесениот нов Закон за културата издадени се наоди во извештајот за 2023 година. |
| 3. | 4.1.3 | Од страна на министерот за култура да се преземат активности:<br>- за донесување на интерни акти за начинот на признавање на расходите за проектите кои се финансираат како проекти од национален интерес;<br>- да се воспостави ex - ante и ex - post контрола за проверка на целокупната документација за исплата на корисниците;<br>- да се надмине праксата за преземање на обврски по годишна програма за кои нема обезбедено средства во Буџетот, односно да | СП<br>СП<br><br>СП<br><br>СП | Од страна на одговорните лица во текот на 2021 година изготвен е интерен акт за начинот за признавање на расходите - Процедура за процесот на следење на реализација на договорите, воспоставени се контроли контрола за проверка на целокупната документација за исплата на корисниците и | |

*Ревизорски тим:*
1. ____
2. ____
3. ____

*Овластен државен ревизор*
____

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | се склучуваат договори согласно обезбедените средства со буџетот на министерството. | | прекината е праксата за преземање на обврски по годишната програма за кои не се обезбедени средства во Буџетот на МК, иако во билансите на МК сеуште се јавуваат обврски кои потекнуваат од минати година поврзани со реализацијата на програмата. | |
| 4. | 4.1.4 | Министерот за култура да преземе активности:<br>- да се предвиди посебна пријава во годишниот конкурс во услови кога има посебна буџетска програма за манифестации, а и во услови кога постои можност за посебен конкурс согласно член 64 од Законот за култура;<br>- да се воспостави критериум за утврдување на висината на хонорарите за организацискиот тим на одредена манифестација, фестивал и сл. која ќе се финансира од страна на Министерство за култура;<br>- за пропишување на јасни правила и критериуми на постапување во услови кога како баратели на средства се појавуваат правни субјекти каде основачи на истите се вработени лица во НУ, од | ДС<br>СП<br><br><br><br>НС<br><br><br><br><br><br>НС | Изработена е и во примена е посебна пријава за годишниот конкурс за секоја дејност поединечно<br><br>Не се воспоставени лимити за висината на хонорарите за организацискиот тим на одредена манифестација, фестивал и сл. која ќе се финансира од страна на Министерство за култура.<br>Во врска со оваа препорака не е постапено од страна на МК односно сеуште е присутна | Во врска со реализацијата на активностите во овој дел издаден е наод во извештајот од извршената ревизија за 2023 година. |

*Ревизорски тим:*
1. ____
2. ____
3. ____

*Овластен државен ревизор*
____

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | аспект на избегнување на судир на интереси;<br>- во услови кога има утврдена максимална вредност за поддршка на проект евалуацијата да се ограничи на таа вредност. | НС | појавата баратели на средства да се лица вработени во НУ.<br>Со извршената ревизија за 2023 година констатиравме дека не е целосно елиминирана праксата за одобрување на средства во висина која го надминува утврдениот максимум за соодветна категорија. | |
| 5. | 4.1.5 | Одговорното лице на министерството да ги преземе следниве мерки и активности:<br>- Комисијата задолжително да го почитуваат рокот за доставување на Извештај наведен во решението.<br>- исплатата на средствата за финансирање на проектите од национален интерес за кои се обезбедени средства од буџетот на РСМ за тековната година да се врши по завршување на проектот и доставување на целосен извештај за потрошените средства. | ДС<br><br>СП<br><br>ДС | Од страна на сите комисии почитувани се законските рокови за изработка на Извештај за извршената работа со предлог листа на поддржани проекти.<br>Исплатата на средства кај повеќето дејности се врши авансно во висина од 70% до 90%, освен кај издавачката дејност каде што средствата се исплатени по завршување на проектот. | Во врска со реализацијата на активностите во овој дел издаден е наод во извештајот од извршената ревизија за 2023 година. |
| 6. | 4.1.6 | Министерството да преземе мерки и активности при исплата на средствата по одобрени проекти истите да се исплаќаат врз основа на целосна и | ДС | Утврдивме дека при реализацијата на програмата наидовме на случаи за поедини | Во врска со реализацијата на активностите во овој дел издаден е наод во |

Ревизорски тим:
1. ____________
2. ____________
3. ____________

Овластен државен ревизор
____________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | веродостојна поткрепувачка документација по добиени извештаи за намените за кои се добиени. | | проекти со неуредна поткрепувачка документација | извештајот од извршената ревизија за 2023 година. |
| 7. | 4.1.7 | Одговорното лице во Министерството да преземе мерки и активности:<br>- евидентирањето на книгите во материјалната евиденција да се врши по проекти и по локации со цел да се создадат услови за вршење на попис;<br>- да се изврши попис со цел да се утврди фактичката состојбата на книгите;<br>- да се обезбеди простор за соодветно чување на книгите, за поголема безбедност на истите;<br>- да се изврши дистрибуција на книги за кои веќе има донесено одлуки и има потпишано договори и<br>- да се донесе план и активности за дистрибуција на остатокот од книги кои се на залиха. | **НС**<br>НС<br>НС<br>НС<br>НС<br>НС | Не е постапено во врска со оваа препорака. | Состојбата во делот на оваа препорака е непроменета со евидентирано зголемување на бројот и вредноста на евидентираните книги. |
| 8. | 4.1.8 | Одговорното лице на министерството да ги преземе следниве мерки и активности:<br>- министерството во текот на годината при распишување на други конкурси за финансирање на проекти од национален интерес доследно да ги применува законските одредби и истите да ги објавува најмалку во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во | **ДС**<br>СП | Конкурсите на МК се објавуваат во дневниот печат. | Во врска со реализацијата на дел од активностите во овој дел издаден е наод во извештајот од извршената ревизија за 2023 година. |

Ревизорски тим:
1. ________
2. ________
3. ________

Овластен државен ревизор
________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.<br>- да се подобрат интерните контроли за следење на реализацијата на проектите и вршењето на контрола и надзор над законитото, наменското и економичното користење на средствата од страна на раководителите на секторот од дејноста.<br>- целосното исплаќање на средствата по договорите да се врши по реализација на проектот и доставен извештај за потрошените средства. | ДС<br>ДС | Воспоставени се контроли на законитото, наменското и економичното користење на средствата и утврдивме дека истите се разликуваат во поглед на уедначеност постапување од страна на задолжените лица.<br>Исплатата на средства кај повеќето дејности се врши авансно во висина од 70% до 90%, освен кај издавачката дејност каде што средствата се исплатени по завршување на проектот. | |
| 9. | 4.1.9 | Одговорните лица при распишување конкурс за стипендирање на дефицитарни кадри во културата да ги имаат во предвид следните параметри/критериуми:<br>- дефинирање на јасни цели и критериуми за поддршка на дефицитарни кадри во културата при распишување на конкурсот; | СП<br>СП<br>СП | Од страна на МК во целост е постапено по дадените препораки во овој дел. Во објавениот Конкурс за 2023 година утврдени се критериуми за избор на дефицитарните кадри и | |

Ревизорски тим:
1. ____
2. ____
3. ____

Овластен државен ревизор
____

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - дефинирање на ранг листа и оценка на пријавите и<br>- објавување на резултатите за избор и одлука за избор. | СП | утврдени се ранг листи на корисници на средствата. | |
| 10. | 4.2.1 | Министерот да преземе мерки и активности за организирање и формирање на потребниот број на пописни комисии за извршување на попис на обврските, инвестициите во тек и на книжниот фонд со кој располага Министерството на начин предвиден согласно законските и подзаконските акти за да се обезбедат податоци за усогласување на фактичката состојба со сметководствената. | НС | Не е постапено во врска со оваа препорака. | Состојбата во врска со овие препораки е непроменета, и истите состојби се утврдени со ревизорскиот извештај за 2023 година. |
| 11. | 4.2.2 | Одговорните лица во Министерството евидентирањето на краткорочните обврските да го вршат во периодот на настанување на истите со цел точно, вистинито, сеопфатно и ажурно прикажување на состојбите во финансиските извештаи. | ДС | Од страна на МК не е извршено евидентирање на сомнителни и спорни обврски и побарувања кои МК ги има по основ на судски постапки кои се во тек. | |
| 12. | 4.3.1 | Министерот да преземе мерки и активности при изградба на капитални проекти истите да се даваат во употреба по извршувањето на техничкиот прием. | ДС | Најголем дел од изградените објекти се предадени во употреба меѓутоа помал дел иако се предадени во употреба сеуште се евидентирани во деловните книги на МК. | За оваа состојба издаден е наод во Нацрт извештајот за 2023 година. |

***СП-спроведена, ДС- делумно спроведена, ВТ- во тек, НС- не спроведена, НП- не применлива**

*Ревизорски тим:*
1. ____
2. ____
3. ____

*Овластен државен ревизор*
____

Република Северна Македонија

**Министерство за култура и туризам**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

**Архивски број:** 02-7264/2
**Датум:** 26.08.2024

**До: Државен завод за ревизија**
**Ул. Павел Шатев бр. 2, Палата Емануел Чучков**
**Скопје**

**Предмет:** Забелешки на Нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година за Министерството за култура, за сметка на основен буџет (637-10) и сметка на основен буџет (637-12)

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено / Pranuar me: 03.09.2024
23-141/14

Почитувани,

Во врска со добиените Нацрт извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година за Министерството за култура, за сметка на основен буџет (637-10) и сметка на основен буџет (637-12), заведени под арх.бр.23-141/12 од 24.07.2024 година на Државниот завод за ревизија и под наш арх.бр.02-7264/1 од 26.07.2024 година, согласно позитивните за и внатрешните акти, Министерството за култура и туризам, во прилог на ова писмо ви доставува забелешки, како одговор на изготвените нацрт извештаи од страна на Државниот завод за ревизија.

Во прилог на овој допис ви ги доставуваме Забелешките на Министерството за култура и туризам (Прилог: 1).

Посочувме дека Министерството за култура и туризам очекуваше дека предмет на ревизија ќе бидат и:

1. Имплементација на одредбите од истечениот Колективен договор за културата („Сл.весник на РСМ" бр.10/20), особено во делот на примената на одредбите од колективниот договор (од член 63 до член 84), кои се однесуваат на исплата на плата, додатоци на плата и надоместоци на плата за вработените во институциите од областа на културата (национални и локални установи) каде се применува, каде во периодот од неговото склучување 2020 година, па се до овој момент 2024 година, на месечно ниво се врши исплата по различни основи од Буџетот на РСМ, без притоа од страна на овластениот државен орган ДЗР истото да се исконтролира и да се провери законитоста и основаноста на ваквите исплати,


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+38923207413
www.kultura.gov.mk

2. Во делот на превземањето и реализацијата на проектот од областа на инвестициите кој се однесува на објектот за ЈУ Универзална сала во Скопје,

3. Работи коишто се однесуваат на извршени расходи по основ на направени трошоци во делот на користењето на службената платежна картичка и правото на репрезентација при службени патувања на претходното раководство на Министерството за култура за периодот 2023 година.

Ве молиме во однос на констатациите наведени од точка 1 до точка 4 да не известите за вашето дополнително постапување по однос на истите.

Со почит,

**МИНИСТЕР**

Зоран Љутков

Изготвиле:
Катерина Пејкова, државен советник
Фросина Ѓорновска, раководител на Сектор
Маја Седрак, раководител на сектор
Бранко Костовски, раководител на сектор


Министерство за култураи туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturesdhee Turizmit RepublikessëMaqedoniseseVeriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr 61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+38921207413
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit

***Забелешки во однос на Нацрт извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година за Министерството за култура, за сметка на основен буџет (637-10) и сметка на основен буџет (637-12), заведени под арх.бр. 23-141/12 од 24.07.2024 година на Џжавниот завод за ревизија и под наш арх.бр.02-7264/1 од 26.07.2024 година:***

1. **По однос на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година за Министерството за култура, за сметка на основен буџет (637-10) ги истакнуваме следнате забелешки кои се однесуваат на:**

**Точката 4. За делот: Нагласување на прашања: во однос на ставот 2 од подточката 4.1**, каде е нагласено дека "МК нема постапено по препораката содржана во Конечниот ревизорски извештај на Државниот завод за ревизија за работењето на МК за 2019 година во делот во кој е укажано на потребата на склучување на договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу МК и СОЗР во кој ќе се опфатат и услугите од бифето во објектот на МК", истакнуваме дкеа оваа констатација на Овластениот државен ревизор е неточна и како доказ го доставуваме Барањето заведено под арх.бр.44-1279/1 од 04.02.2022 година на Министерството за култура, кое е доставено до СОЗР за дополнување на член 4 од склучениот Договор за вршење на општи и заеднички работи и услуги за 2022 година, преку склучување на Анекс на основниот договор каде МК предлага во членот 4 од Договорот за вршење на општи и заеднички работи и услуги, во делот којшто се однесува на услугите за посредување, да се додаде нова алинеа која ќе гласи:

- услуги на користење на угостителски услуги од бифето во објектот на МК.

Ова барање беше поднесено до СОЗР согласно точката 7 – останати прашања од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на МК од страна на ДЗР под арх.бр.14-255/9 од 26.03.2021 година.

**ДОКАЗ**: Барање заведено под наш арх.бр.44-1279/1 од 04.02.2022 г;

Имајќи го предвид горенаведеното, бараме оваа констатација Овластениот државен ревизор да ја тргне од Нацрт извештајот којшто се однесува за сметка на основен буџет (637-10) како неточна и неправилна.


Министерство за културaи туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturësdhee Turizmit Republikëssë Maqedonisësë Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr 61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

+38923207413
www.kultura.gov.mk

Воедно, предлагаме овие забелешки и наоди да се достават до раководството на државниот орган СОЗР, којшто е единствено надлежен за имплементација на бараната препорака, од причина што истиот и ги спроведува постапките за давање под закуп на недвижен имот за вршење на угостителски услуги, а врз основа на претходно донесени одлуки од страна на Владата на Република Северна Македонија, каде е отстапен деловен простор од повеќе министерства и други државни органи за намена на бифе, како и од Министерството за култура и туризам, и истиот е даден на времено користење за потребите на СОЗР, за издавање на недвижен имот за горенаведените потреби-угостителски услуги. Напред наведеното е во согласност со Конечниот извештај на ДЗР за извршена ревизија на усогласеност на тема попис на средствата, побарувањата и обврските на СОЗР заведено под арх.бр.13-199/14 од 23.12.2021 во делот 4.1.2.

Нагласуваме дека МК има постапено по препораката од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на МК од страна на ДЗР под арх.бр.14-255/9 од 26.03.2021 година и за констатираниот наод, побарано е да се дополни склучениот основен договор кој на годишно ниво, Министерството за култура и туризам го склучува со СОЗР, но до овој моментМК нема добиено повратен одговор од СОЗР по однос на ова наше барање, а кое е произлезено од наодите на овластениот државен ревизор за работата на МК за 2019 година.

По однос на забелешката која се однесува на **точката 4. За делот: Нагласување на прашања: во однос на ставот 3 од подточката 4.1**, -„заклучно со 30.01.2024 година престанала да важи одлуката со која Владата ги отстапила просториите на 11 министерства меѓу кои и на МК и со тоа престанал да важи договорот склучен помеѓу СОЗР и правното лице (закупец) од приватниот сектор кое било задолжено за вршење на угостителските услуги и дека истото продолжило без правен основ да врши дејност во просториите на МК заклучно со 01.06.2024 година", истакнуваме дека и оваа констатација на овластениот државен ревизор е неточна и неправилна.

Имено, Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 16.01.2024 година пред да истече претходната одлука, донела новаОдлука бр.41-601/7 од 16.01.2024 година за изменување на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи објавена во (Сл.весник на РСМ бр.25/2024), со која одлука,

временскиот период на отстапување на просторот за оваа намена е изменет и продолжен за нови четири години.

**ДОКАЗ**: Одлука бр.41-601/7 од 16.01.2024 год;

Имајќи го во предвид горенаведеното, предлагаме и оваа констатација, Овластениот државен ревизор да ја тргне од Нацрт извештајот која што се однесува за сметка на основен буџет (637-10) како неточна и неправилна.

По однос на забелешката која се однесува на точката **4. За делот: Нагласување на прашања: во однос на ставот 4** - „преиспитување на начинот на склучување на договори за закуп на недвижни ствари во сопственост на РСМ, за вршење на угостителски услуги помеѓу СОЗР и надворешни правни лица", потребно е истата да се тргне од Нацрт извештајот за работата на МК, поради тоа што оваа констатација неможе да се однесува за работата на Министерството за култура и туризам за 2023 година, туку оваа препорака се однесува на работата на државниот орган СОЗРи потребно е да се истакне во ревизорските извештаи за кој државен орган се однесуваат и кој државен орган ги спроведува постапките за издавање на недвижен имот по пат на закуп, а за потребите на министерствата, за делот којшто се однесува на вршењето на угостителски услуги.

Во **точката 5. Останати прашања, во подточката 5.3** од Нацрт-извештајот е наведено дека одредбата од членот 5 од Законот за националниот уметник според која носителот на титулата национален уметник му се доделува месечен паричен надоместок во износ од две просечни плати, исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година, од денот на добивање на титулата, па до крајот на животот е недоволно прецизна и истата не предвидува дали висината на истиот ја сочинуваат две просечни исплатени нето или бруто плати, укажуваме дека одредбата е јасна и недвосмислена од причина што согласно член 3 став 1 од Законот за исплата на плати во РМ работодавачот од членот 2 на овој закон, почнувајќи со исплатата на платите за јануари 2009 година, утврденото право на нето плата со овој закон за декември 2008 година го зголемува за износот на пресметаниот данок од плата, задолжителните социјални придонеси, согласно со пропишаните законски стапки за декември 2008 година и за износот на трошоците поврзани со работа по основа на исхрана за време на работа и превоз до и од работа, пресметани согласно со закон, колективен договор и договор за вработување. Согласно наведената законска одредба во РСМ не може да се исплати нето плата, туку само бруто плата, во која нето платата е зголемена за износот на пресметаниот данок од плата, задолжителните социјални придонеси и за износот на трошоците поврзани со работа по основа на исхрана за време на


Министерство за култураи туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturësdhee Turizmit Republikessë Maqedonisë Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr 61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
- 38923207413
www.kultura.gov.mk

работа и превоз до и од работа. Зборовите „исплатена плата" јасно дефинираат дека се работи за износот на бруто плата.

По однос на констатацијата наведена во **Писмото до раководството на МК заведено под арх.бр.23-141/13 од 24.07.2024 година на ДЗР**, а се однесува на сметката на основен буџет (637-10) во делот: **Усогласеност со закони и прописи под точка 1.1.1**, кое се однесува на толкувањето на одредбатаод член 87 став 5 од Законот за административни службеници на овластениот државен рвизор во делот на пресметка на исплата на минат труд за додаток на кариера, укажуваме дека согласно член 87 став (5) од ЗАС, делот на плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Согласно член 111 став (4) од ЗАС, на државниот службеник на кој до денот на влегувањето во сила на овој закон му се исплаќа додаток за степен на кариера согласно со Законот за државните службеници, износот на додатокот за степен на кариера ќе му биде пресметан како дополнителни бодови во вредност на исплатениот додаток, во делот на плата за нивото од членот 87 став (3) од овој закон.

Овластениот државен ревизор во точката 1.1.1. дал констатација дека исплатата на минат труд и за делот којшто се однесува на додатокот за кариера, не е во согласност со член 87 став 5 од ЗАС.

Одредбата од член 111 став (4) од ЗАС јасно и недвосмислено илустрира дека законодавецот утврдил дека износот на додатокот за степен на кариера ќе биде пресметан во дополнителни бодови, во вредност на исплатениот додаток и истиот влегува во делот на платата за делот кој се однесува на нивото од член 87 став (3) од законот.

Согласно одредбата од член 87 став (5), делот на плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5 % од деловите на платата за степен на образование и ниво, вклучувајќи ги и бодовите за степен на кариера, кои дополнителни бодови се дел од вкупните бодовите кои се однесуваат на делот од платата за нивото на кое е распореден административниот службеник, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Согласно член 13 став (4) и (5), и член 14 и 15 од Законот за судовите (Сл.весник на РМ бр.58/06....96/19) судските одлуки се задолжителни за сите правни и физички лица и имаат поголема правна сила во однос на одлуките на кој и да е


Министерство за култураи туризам на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturësdhe e Turizmit
RepublikessеMaqedonisësëVeriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+38923207413
www.kultura.gov.mk

друг орган. Секој е должен да ја почитува правосилната и извршната судска одлука под закана на законски санкции.

Ова законска обврска се однесува и за вработените овластени државни ревизори во ДЗР кога ги извршуваат работите на овластен државен ревизор и ревизор при извршување на работите на ревизија над субјекти кои се предмет на ревизија.

Секој е должен да се воздржува од сторување или од пропуштање на дејствие со кое се попречува донесувањето или извршувањето на судската одлука.

Секој државен орган е должен, кога тоа е ставено во негова надлежност, да го обезбеди извршувањето на судската одлука.

За горенаведената ситуација, од страна на Основниот Граѓански Суд во Скопје донесена е Пресуда VPO.бр.2143/20 од 02.02.2021 година, со која овој суд пресудил дека минат труд се пресметува и исплаќа и за додатокот којшто се однесува на кариера, а сето тоа согласно членот 87 став (5) од ЗАС.

Истото, со насока на постапување го потврдил и поранешниот државен орган Министерството за информатичко општество и администрација, сегашно Министерство за јавна администрација, каде со писмен допис бр.15-4551/1 од 18.11.2021 година до АССЕКО СЕЕ ДООЕЛ од Скопје наложува, со цел да се избегнат дополнителни тужбени барања и фискални импликации врз Буџетот на РСМ, да се направи промена во софтверот за исплата на плата ИСУЧР, согласно донесената и правосилна Пресуда на Основниот Граѓански суд од Скопје. Воедно, Министерството за финансии за оваа состојба се известени со цел да ја земат во предвид разликата во исплата на плата на вработените на кои им се исплаќа додаток за степен на кариера, во институциите каде се врши ислата по овој законски основ.

За оваа состојба, по Информација на МК за остварување на правото на разлика во нето плата по основ на минат труд за степен на кариера за вработените во МК, Владата на РСМ донесе Заклучок бр.41-134/1 од 11.01.2022 година каде МК е задолжено со вработените кои имаат стекнато право на додаток на плата по основ на кариера, да склучи вон судски спогодби за исплата на разликата по основ на минат труд за претходни три години, а во иднина да продолжи на месечно ниво исплата на минат труд применувајќи го и за додатокот на степен на кариера, согласно закон.

**ДОКАЗИ**: Пресуда VPO.бр.2143/20 од 02.02.2021 година;
Известување бр.15-4551/1 од 18.11.2021 година на МИОА;

Заклучок бр.41-134/1 од 11.01.2022 година на Влада на РСМ;

Имајќи ги во предвид горенаведените писмени докази, потребно е Овластениот државен ревизор истите да ги почитува, правилно да ги толкува одредбите од ЗАС кои се однесуваат на членот 87 став (5), во врска со член 111 став (4), и дадената препорака во доставеното писмо до раководството на МК да ја тргне како неоснована и беспредметна, од причини што со дадена препорака, неможе да се дерогира ниту измени признато и стекнато законско право од работен однос предвиден со закон.

**2. Во однос на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година за Министерството за култура, за сметка на основен буџет (637-12) ги даваме следните забелешки:**

Констататциите од точките **3.2.2 и 3.2.3** од **Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор** (стр. 6 до 12), се општи, односно не ги третираат дејностите од областа на културата поединечно, па се создава впечаток дека сите забелешки и препораки се однесуваат за сите дејности во културата (освен двете дејности што се обработени поединечно). Укажуваме дека секоја од дејностите од областа на културата има свои специфики на работа.

**3.2.2 Годишен конкурс за финансирање на проекти од национален интерс по одделни дејности во културата,**

- Во врска со втората препорака страна 9, истакнуваме дека согласно препораките од предходниот Ревизорски извештај од 2019 година, во 2021 година се подготвени пријави за Годишените конкурси за финансирање на проекти од национален интерес по одделни дејности во културата за 2022 година, каде се вградени критериуми и мерила и категоризација на проектите, како и начинот на бодување, а исто така донесено е и Упатство за проверка, обработка и оценка на пријавите доставени на Годишните конкурски за финансирање на проекти од национален интерс по одделни дејности во културата за 2022 година, бр. 53-12857/1 од 05.11.2021 година (во прилог копија од Упатството).

**Доказ: Упатство Бр. 53-12857/1 од 05.11.2021**

**3.2.3. Реализација на проекти избрани по Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес за 2023 година**

- Во однос на препораката за пропишување на одредби за авансна исплата на средства за одобрените проекти, наведена во извештајот на **страна 12**, во делот кој

се однесува на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес по одделни дејности во културата, напоменуваме дека исплатата на средствата по однос на Договорите на поддржаните проекти од национален интерес се врши согласно со член 68 став (2) од Законот за култура, каде јасно стои дека исплатата се врши во фази, а не авансно. По секоја фазна исплата, корисниците се должни да достават извештаи за потрошени средства од првата фаза, што е услов за добивање средства од Министерството за следната фаза на проектот. На крајот корисниците доставуваат финален наративен и финансиски извештај со придружна документација. Искуството при реализацијата и следењето на проектите покажува дека огромен број на проекти не можат ниту да почнат со реализација без префрлање на авансни средства. Ова особено се јавува кај меѓународните фестивали каде е потребно да се платат патните трошоци за доаѓање воопшто во РСМ, а и уметниците неретко побаруваат средства од организаторот пред да настапат поради свои трошоци. Исто така, постојат бројни материјални трошоци и набавки за изработка на костими, сценографија и слично, што е предуслов за подготовка на една сценографија, без која проектот и не може да се реализира.

Од аспект на авнсното финансирање, исклучок се поддржаните проекти од областа на литературата и издавачката дејност каде нема авансни исплати, туку целосната сума предвидена за поддршка на определен проект се исплаќа по реализација на проектот. Во оваа дејност, исплата по фази предвидена со оперативните планови се врши кај проектите кои добиле поддршка за организирање на манифестации од областа на литературната дејност (фестивали, литературни читања и сл.)

Во однос на препораката корисниците чии проект е избран за проект од национален интерес во културата да отворат наменски сметки, (точка 3.2.3- страна 12), напоменуваме дека по препораки од Државниот завод за ревизија, корисниците отворија наменски сметки и на кои Министерството за култура и туризам, во согласнот со склучените договори за финансирање за поддржаните проекти им ги преведуваше средствата. Отварањето на наменските сметки се покажа како крајно не продуктивна измена во Договорите и ја отежна соработката со корисниците. Отварањето на наменски сметки воопшто не го подобри следењето на наменското користење на буџетските средства и на реализацијата на проектите. Истото, само за корисниците претставуваше дополнителна финансиска и административна обврска.

Во однос на препораката за висината на средствата по одредени намени во делот на авторските договори, (точка 3.2.3 на страна 12), напоменуваме дека ограничувањето на авторските хонорари во одреден процент не е регулирано со Законот за културата. Одобрените средства за проектите кои се избрани на Годишните конкурси се димензионираат согласно со доставените концепти, намени и побарувања на корисниците за проектите.

**Во однос на точката 4.1.4 „Министерот за култура да преземе активности за пропишување на јасни правила и критериуми на постапување во услови кога како баратели на средства се појавуваат правни субјекти каде основачи на истите се вработени лица во НУ, од аспект на избегнување на судир на интереси". (Неспроведена мерка), укажуваме на следното:**

**Согласно член 3 од Законот за културата, секој може да ја остварува културата како поединечен, локален и национален ин терес со профитна или непрофитна цел, согласно со закон.**

**Согласно член 4 од Законот, секој има право на слободно творештво, непрофесионално или професионално, како и право независно од возраста, образованието, верската, етничката или друга припадност на образование за областа.**

**Ограничувањето на правото на вработените во установите од областа на културата да учествуваат на годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата е спротивно на начелата на Законот за културата и со истото вработените во установите од областа на културата би се ставиле во нерамноправна положба со останатите учесници на конкурсот, што би предизвикало дискриминација на вработените уметници.**

**При тоа и со член 20 од Уставот на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања.**

**Согласно член 32 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.**

Во делот од точката **1.2. Делокруг на работење на субјектот, потребно е ставот 2 да се избрише** од причини што Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во РМ повеќе не е орган во состав на МК, односно согласно членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа објавен во


Министерство за културa и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe Turizmit Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Gjuro Gjakoviq" nr 61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+38923207411
www.kultura.gov.mk

(Сл.весник на РСМ бр.96/19) во состав на новиот државен орган Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, сегашно Министерство за односи меѓу заедниците е Управата за афимирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија.


Министерство за културан туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturësdhe Turizmit RepublikessëMaqedonisësëVeriut
Ул. „Гуро Ѓаковиќ" бр. 61. Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr 61. Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+38923207413
www.kultura.gov.mk

Прилог бр.3

# Одговор
# на забелешки на
# Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерство за култура на сметката на основен буџет (637-10) и на сметката на основен буџет (637-12) број 02-7264/2 од 26.08.2024 година, од раководното лице Зоран Љутков, министер на Министерството за култура и туризам, заведени во Државниот завод за ревизија под број 23-141/14 од 03.09.2024 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:
Во врска со воведниот дел од забелешките за состојбите кои се очекувале да бидат опфатени со ревизијата го даваме следното објаснување:

- во врска со забелешката во точка 1 која се однесува на Колективниот договор за културата кој е со истечен рок на важност заклучно со јануари 2022 година, кои одредби се однесуваат само за вработените во НУ и институциите од областа на културата, укажуваме дека Државниот завод за ревизија има извршено ревизии во изминатиот период и има издадено ревизорски извештаи во кои се содржани состојби кои се поврзани со Колективниот договор за културата и тоа:
  - во точката 4.2.1. од Конечниот извештај од извршена ревизија на Националната опера и балет - Сметка на основен буџет (603), број 16-164/17 од 06.10.2021 година, линк: https://dzr.mk/sites/default/files/2021-12/1_31_FR_NU_Opera_balet_Smetka_osnoven_budzet_603_KOMPLET_2021.pdf и
  - во точите 4.1.2. и 7.6. од Конечниот извештај од извршена ревизија на НУ Филхармонија на Република Северна Македонија - Сметка на основен буџет (603) број 16-165/17 од 14.09.2021 година, линк: Microsoft Word - ˆˆ 603 - -ˆ - 251 (dzr.mk) .

  Со оглед дека рокот на важноста на овој Колективен договор за културата е истечен повеќе од две години, треба да се покрене иницијатива за склучување на нов Колективен договор за културата;
- Забелешката во точка 2 која се однесува на преземањето и реализацијата на проектот од областа на инвестициите кој се однесува на објектот на ЈУ Универзална сала во Скопје, информираме дека имајќи го во предвид општественото значење на објектот на Универзалната сала, Државниот завод за ревизија ќе изврши проширување на Годишната програма за 2024 година, за вршење на посебна ревизија;

- Забелешката во точка 3 која се однесува на направените расходи во делот на користењето на службената платежна картичка и правото на репрезентација при службените патувања од страна на претходното раководство на Министерството за култура, известуваме дека до денот на известувањето од извршената ревизија, на ревизијата не и беа презентирани уредни и веродостојни документи за направените расходи од службената картичка.

**Сметка на основен буџет (637-10)**

1. Во врска со забелешките на **точката 4.1.** која се однесува на давањето на закуп на недвижен имот за давање на угостителски услуги на бифето на МК која е истакната во делот на Нагласување на прашање од ревизорскиот извештај го даваме следниот одговор:
    - забелешката на утврдената состојби во **став 2** која се однесува на потребата од склучување на договор помеѓу МК и СОЗР за уредување на меѓусебните права и обврски во кој ќе се опфатат и услугите од бифето во објектот на МК **делумно се прифаќа** поради дополнително испратени докази кои на ревизијата не и беа доставени. Доставено е Барање од страна на МК упатеното до СОЗР за дополнување на член 4 во Договорот за вршење на општи и заеднички работи за 2022 година. До денот на ревизијата не е склучен анекс на основниот договор помеѓу овие институции со кој ќе се регулира работењето и услугите на бифето кое функционирало во објектот на МК. Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај;
    - утврдената состојба од **став 3** која се однесува на вршење на угостителски услуги во просториите на МК од страна на правно лице во услови на истечено времетраење на договорот **не се прифаќа** од причини што и покрај донесената Одлука на Владата не е склучен нов договор или Анекс кон веќе склучениот договор со корисникот на просторот, со кој ќе се изврши продолжување на периодот за отстапување на просторот;
    - забелешката на утврдената состојба од **став 4** која се однесува на потребата од преиспитување на начинот на склучување на договори за закуп на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија за вршење на угостителски услуги **не се прифаќа**. Во текстот од оваа точка е истакнато дека СОЗР ги спроведува постапките во врска со издавањето на простор за оваа намена. Од причини што МК е дел од институциите во чие владение е издадениот простор, за овие состојби известуваме во делот на Нагласување на прашања и истата не влијае на издаденото мислење;
2. Забелешката на утврдената состојбата во **точката 5.3** истакната во делот на Останати прашања која се однесува на исплатата на две просечни месечни плати на носителите на титулата национален уметник **не се прифаќа** од причини што истата претставува системска слабост која со извршената ревизија имаме обврска да ја обелоденимe. Имено законските решенија не нудат прецизно решение дали пресметката треба да се пресметува со просечна нето или бруто плата.

**Сметка на основен буџет (637-12)**

3. Забелешката на дадената препорака на **точката 3.2.2,** алинеја 2 која се однесува на пропишувањето на прецизни насоки за начинот на категоризирање на проектите и определување на бодовите **не се прифаќа** од причини што истата е дадена во насока на укажување за потребата од подобрување на утврдените состојби во врска со недоволната објективност при категоризирање и бодување на проектите кои конкурираат на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес по одделни дејности во културата за што се однесува наодот од оваа точка од извештајот. Приложеното Упатство за проверка, обработка и оцена на пријавите доставени на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес по одделни дејности од културата за 2022 година, ревизијата го имаше во предвид при вршењето на ревизијата.
4. Забелешката на дадените препораки во **точката 3.2.3 кои се однесуваат на:**
   - **алинеја 1,** која се однесува на дадената препорака за пропишување на одредби за авансна исплата на средства за одобрените проекти **не се прифаќа** од причини што истакнатото го имавме во предвид при вршењето на ревизијата. Состојбата нема за цел да ја ограничи авансната исплата туку да се изнајде механизам и пропишување на прецизни одредби за начинот на авансна исплата на средствата за одобрените проекти и заштита во случај на непочитување на одредбите за реализација на склучените договори од страна на носителите на проектите што може да доведе до отпочнување на скапи судски процеси за враќање на исплатените средства кои имаат неизвесен исход во поглед на можноста на целосно рефундирање на исплатите, на што е истакнато и се однесува искажаното во оваа точка од извештајот.
   - дадената препорака **на алинеја 3** која се однесува на тоа во склучените договори да се вклучат и одредби со кои ќе се утврди висината на средствата по одредени намени во делот на авторски договори за организација и координација на проектите и да се ограничи процентот на учество на авторските договори за организација на настани во однос на вкупната вредност на проектите **не се прифаќа** од причини што ревизијата имаше во предвид дека истото не е регулирано со Законот за култура поради што е дадена препораката истото да се прецизира во договорите;
   - дадената препорака на **алинеја 4** која се однесува на потребата корисниците чиј проект е избран за проект од национален интерес да вршат отворање на наменски сметки **не се прифаќа**. Со постапувањето по истата ќе се оневозможи прикажување на фактури и сметки за расходи за кои се обезбедени средства од други буџетски извори на финансирање.

5. Во врска со забелешката искажана на препораката по **точка 4.1.4** која се однесува на делот на извештајот Прилог 1 - Известување за извршена проверка на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 14-255/10 од 26.03.2021 година за Министерство за култура, за пропишување на јасни правила и критериуми на постапување во услови кога како баратели на средства се појавуваат правни субјекти каде основачи на истите се вработени лица во НУ **не се прифаќа**. Оваа препорака е со статус **не спроведена**, бидејќи МК ги нема пропишано условите под кои овие лица можат да се пријават за учество на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес по одделни дејности во културата од аспект на спречување на конфликт на интереси во врска со присуството на истите лица на работните места и извршувањето на тековните работни задачи што повеќе пати беше констатирано во издадените извештаи на Државниот завод за ревизија.

6. Забелешката на точката 1.2 од Образложенијата кон финансиските извештаи **се прифаќа** од причина што претставува техничка грешка и текстот на став 2 од оваа точка се брише.

7. Во врска со дадената забелешка на утврдените состојби во **точката 1.1.1** од Писмото до раководството која се однесува на исплатата на средства за минат труд на додатокот за кариера, согласно методологијата за работа на Државниот завод за ревизија и Меѓународните ревизорски стандарди, Писмото до раководството се доставува до раководните структури во субјектот кој е предмет на ревизија, во кој се информира за состојби, наоди и констатации со помало значење и кои немаат влијание на мислењето и не се опфатени во ревизорскиот извештај, но треба да се имаат предвид во натамошното работење, поради што не се доставуваат забелешки, за што субјектот во текот на ревизијата беше информиран.